**20131393365**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013 и 106/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.10.2013 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2013 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2013, 87/2013 и 121/2013) во членот 4 точка 1 зборовите: „до 20 септември 2013 година“ се заменуваат со зборовите: „до 20 октомври 2013 година“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-7525/1
10 октомври 2013 година
Скопје

Заменикот на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.